# Во итни случаи јавете се на Triple Zero (000)

Да се јавите на полиција, брза помош или противпожарна служба во итни случаи повикајте Triple Zero (000) од било кој телефон во Австралија. Повиците се бесплатни.



# 000 EMERGENCY



**Кога треба да се повика Triple Zero (000)**

Треба да се јавите на Triple Zero (000) во ситуации опасни по живот или кога времето е критично кога е потребна итна интервенција од страна на полицијата, противпожарната служба или службата за итни случаи.

**Што ќе се случи кога ќе се јавам на Triple Zero (000)?**

Телефонистот ќе ве праша која итна служба ја барате—полиција, противпожарна служба или брза помош—и ќе ве поврзе. Телефонистот може да ве праша и од каде се јавувате.

**Што ако не зборувам добро англиски?**

Ако не зборувате добро англиски може да побарате преведувач откако ќе бидете поврзани со службата за итни случаи. Ова е бесплатно за вас.

**Кога ќе се јавите на Triple Zero (000), бидете смирени, бидете на линија и јасно одговарајте на прашањата на телефонистот.**

www.**triplezero**.gov.au

Australian Government

acma
Australian Communications and Media Authority